Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, по службена должност, а врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РСМ бр.124/15 и 65/18), го донесе следното:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 13-3561/4
09-06-2022 20 ___ год.
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**
**За исправка на техничка грешка**
**во Решение за формирање на Комисија за спроведување на повторна јавна анкета и јавна презентација по детален урбанистички план за РеонЈ, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, предлог план Општина Кисела Вода, плански период 2020-2025**

1. **СЕ ВРШИ** исправка на техничка грешка во Решението за формирање на Комисија заведено под број 13-3561/4 од 06.06.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода, на следниот начин:
   - Во став 4 алинеја 1 од образложението наместо "Маја Зафировска", д.и.а - " треба да стои "Елена Андреева, д.и.а";

2. Во останатиот дел Решението за формирање на Комисија заведено под број 13-3561/4 од 06.06.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода останува непроменето.

3. Ова Решение е составен дел на Решението за формирање на Комисија заведено под број 13-3561/4 од 06.06.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

4. Ова Решение има правно дејство од денот од кој има правно дејство Решението за формирање на Комисија на кое се врши исправката.

***Образложение***

Постапувајќи по службена должност, се врши исправка на техничка грешка во Решението за формирање на Комисија заведено под број 13-3561/4 од 06.06.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Во Решението за формирање на Комисија заведено под број 13-3561/4 од 06.06.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода, направена е техничка грешка и тоа:

- Во став 4 алинеја 1 од диспозитивот, наместо "Маја Зафировска", д.и.а -" треба да стои "Елена Андреева, д.и.а"

…публика Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Согласно член 97 став 1 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РСМ бр.124/15 и 65/18) ) *"Јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи."*

Согласно член 97 став 2 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РСМ бр.124/15 и 65/18) ): *"За исправката се издава посебен управен акт. Тој има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката."*

Согласно член 97 став 3 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РСМ бр.124/15 и 65/18): *"Забелешката за исправката се запишува во оригиналот на управниот акт и ако е можно, во сите заверени преписи што им се доставени на странките. Забелешката ја потпишува службеното лице кое го издало управниот акт за исправката."*

Имајќи го предвид горе наведеното, се одлучи како во диспозитивот од ова Решение.

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Орце Ѓорѓиевски**